ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА ОПШТИНА РОСОМАН
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2023 07 07/2

Скопје, март 2024 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Росоман, сметка на основен буџет (637), за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Росоман сметка на основен буџет (637), за 2009 година, во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на општината изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Росоман, сметка на основен буџет (637) за 2022 година, утврдени се следниве состојби:

- нематеријалните средства и дел од недвижниот имот не се сметководствено евидентирани;
- инвестиционите вложувања не се евидентираат на соодветните позиции на материјални средства во подготовка;
- со јавното комунално претпријатие не е склучен договор за соработка и не се регулирани начинот и контролата на извршување на услугите;
- не е донесена програма и акт со утврдени критериуми за финансирање на спортски клубови и здруженија на граѓани;
- неправилности при донесувањето и реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и Програма за уредување на градежно земјиште за 2022 година и
- недостатоци во почитувањето на одредбите во склучените договори за јавни набавки во однос на роковите за реализација и обезбедување на документација за отпочнување со градба, отсуство на извештај за технички прием и примопредавање на градбите помеѓу инвеститорот и изведувачот.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата извести за доделеното времено користење на недвижен имот на општината кое е

изминато, за што во текот на ревизијата се преземени мерки и активности за утврдување на понатамошниот статус на користење на недвижниот објект.

Истакнуваме дека за време на ревизијата субјектот прифати и изврши корекции во финансискиот извештај Биланс на состојба со вкупен нето ефект од 1.750 илјади денари.

Од страна на градоначалникот на Општина Росоман не се доставени забелешки на Нацрт извештајот број 14-184/2 од 02.02.2024 година.

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| Финансиски извештаи за 2022 година | 2 |
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 5 |
| 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 11 |
| 5. Законска основа за ревизијата и временски период | 12 |
| 6. Опфат и ограничувања | 12 |
| 7. Одговорност за финансиски извештаи | 12 |
| 8. Одговорност на ревизорите | 13 |
| 9. Корекции во текот на ревизијата | 14 |
| 10. Одговор на ревидираниот субјект | 14 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 15 |
| Биланс на состојба | 16 |
| Преглед на промени на извори на капитални средства | 17 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| КО | Катастарска општина |
| КП | Катастарска парцела |
| УСД | Американски долар |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 14-184/7
Дата: 18.03.2024

## 1. Вовед

Општина Росоман е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината. Подрачјето на општината е утврдено согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија[1] и своите надлежности ги извршува согласно Законот за локална самоуправа[2]. Согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа подрачјето на Општина Росоман е утврдено со закон и ги опфаќа подрачјата на село Росоман и населените места Сирково, Манастирец, Паликура, Трстеник, Камен Дол, Дебриште, Рибарци, Крушевица, и Мрзен Ораовец.

Општина Росоман, согласно член 22 од Законот, ги врши работите од јавен интерес од локално значење на општината што се однесуваат на: планирање и уредување на просторот, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, образование, спорт, социјална и детска заштита, здравствена заштита на подрачјето на Општина Росоман, надзор над вршењето на работите од надлежност на општината.

Општина Росоман, во рамките на Законот за локална самоуправа, има право на своето подрачје да врши работи од јавен интерес од значење за општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

[1]„Службен весник на Република Македонија" број 55/04, 12/05, 98/08, 106/08 и 149/14
[2]„ Службен весник на Република Македонија" број 5/02

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи од страна 16 до 17 на Општина Росоман, на сметката на основен буџет (637), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Росоман за 2022 година на сметката на основен буџет (637) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Росоман на ден 31 декември 2022 година на сметката на основен буџет (637), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Росоман за 2022 година, на сметката на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите, согласно ISSAI стандардите, се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Владата на Република Македонија, во 2000 година, врз основа на спроведен делбен биланс помеѓу државата и општините има донесено Решение[3] со кое на Општина Росоман и има пренесено во сопственост недвижен имот кој се наоѓа на територијата на општината. Со извршениот увид во сметководствената и материјалната евиденција на недвижниот имот утврдивме дека и покрај тоа што општината има обезбедено имотни листови за наведените недвижности, не е извршена проценка на вредноста на дел од недвижностите, поради што не се сметководствено и материјално евидентирани и тоа за:

- задружен дом - земјиште со површина од 178м$^2$ КП бр.985 Имотен лист број 285 КО Дебриште;
- стара училишна зграда – земјиште под зграда со површина од 109м$^2$ и двор со површина од 4.967 м$^2$ КП бр.61, имотен лист број 138 КО Крушевица;
- задружен дом земјиште под помошна зграда 40м$^2$ и дворно место од 274м2 КП бр.209 имотен лист број 138 КО Крушевица;
- задружен дом со површина од 1.645м$^2$ и двор со површина 15.171м2 КП, бр.559/1 Имотен лист број 368 КО Манастирец;
- шуми со површина од 11.647м$^2$ КП 18 Имотен лист број 368 КО Манастирец и
- пасишта со површина од 6.016м$^2$ на КП17 Имотен лист број 368 КО Манастирец.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници каде е уредено дека внесувањето на податоците во деловните книги се врши врз основа на веродостојни и уредни сметководствени документи. Ваквото постапување има влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци за постојаните – недвижни ствари и извори на средства во финансискиот извештај Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за проценка на вредноста на постојаните средства и нивно сметководствено евидентирање.

3.1.2. Од извршениот увид во деловните книги на Општина Росоман утврдивме дека не се евидентирани нематеријалните средства (софтвери и лиценци) со кои располага и ги користи општината. Од страна на одговорните лица добиена е информација дека набавката на истите е од минати години поради што општината не располага со соодветна поткрепувачка документација како основ за сметководствено и материјално евидентирање на истите.

[3]Решение за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Росоман врз основа на спроведен делбен биланс број 23-257/45 од 08.02.2000 година

Исто така, со извршениот попис на средствата и обврските на ден 31.12.2022 година, од страна на Пописната комисија не е извршен увид во фактичката состојба на нематеријалните средства, поради што не е извршено усогласување на нивната фактичка со сметководствената состојба.

Ваквата состојба, не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници каде е уредено дека внесувањето на податоците во деловните книги се врши врз основа на веродостојни и уредни сметководствени документи, додека нецелосното извршениот попис не е во согласност со одредбите предвидени во член 29 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на средствата во деловните книги и во Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за проценка на вредноста на нематеријалните средства, нивно евидентирање во сметководствената и материјалната евиденција, како и спроведување на пописот на средствата, на начин уреден со законот и подзаконските акти.

3.1.3. Во 2022 година општината има спроведено јавни набавки за спроведување на планираните капитални инвестиции, сопственост на општината. Ревизијата утврди дека додека трае реализацијата на проектите, за вредноста на доставените времени ситуации, во сметководствената евиденција не се евидентираат инвестиции во тек. Со извршениот увид во реализацијата на капиталните расходи во текот на 2022 година утврдивме дека се извршени исплати по времени ситуации за проекти кои сеуште не се завршени, а се однесуваат на изградба на канализациони мрежи, водоводни системи и фекални канализации за потребите на општината во вкупен износ од 7.926 илјади денари, кои се евидентирани само како расходи а не се прикажани на ставката материјални средства во подготовка што не е во согласност со членовите 19 до 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници каде е уредена обврската за проценување на билансните позиции. Ваквата состојба не овозможува следење на инвестиционите вложувања, утврдување на набавната вредност на објектите која е неопходна во процесот на технички прием и има за ефект нереално и необјективно прикажување на билансните позиции за тековната година.

Препорака:

Градоначалникот да преземе активности за евиденција на капиталните инвестиции во тек на соодветните позиции во сметководствената евиденција.

### 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Во текот на 2022 година, на ЈКП „Росоман“, се исплатени средства во вкупен износ од 1.380 илјади денари, од кои со одлука на Советот се исплатени 350 илјади денари за субвенционирање на работењето на јавното претпријатие, по основ на извршени интервенции за одржување на водоводната мрежа 426 илјади денари, додека за одржување на јавната чистота се исплатени 604 илјади денари.

Со извршениот увид во доставената документација, начинот на кој се регулирани меѓусебните права и обврски на општината со јавното претпријатие и користењето на средствата од страна на јавното претпријатие, ги констатиравме следниве состојби:

- во донесените одлуки од Советот на општината за субвенционирање на јавното претпријатие не се прецизно утврдени активностите и целите кои ќе бидат субвенционирани. Исто така не е донесена Програма за субвенционирање на јавното комунално претпријатие, со која се финансира годишниот оперативен план, односно тековно оперативните трошоци и инвестициони вложувања и се утврдуваат прецизни критериуми која активност со кој износ ќе биде субвенционирана. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со одредбите од член 37 - в од Законот за буџетите и создава можност за ненаменско користење на буџетските средства.
- општината нема донесено Програма за одржување на јавна чистота за 2022 година со која треба да дефинира видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временски рокови за извршување на работите, динамика и начин на вршење на работите, согласно член 12 од Законот за јавна чистота;
- за извршените работи за одржување на водоводната мрежа од страна на јавното претпријатие е доставена фактура која во прилог содржи испратница потпишана од вработено лице во општината, како потврда за испорачаните работи. На ревизијата не и беше презентирано овластување за вршењето на надзорот, записник, градежна книга како потврда за извршената работа што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- општината не располага со податоци за работењето на јавното претпријатие, од причина што јавното претпријатие до општината не доставува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење, обврска предвидена со член 5 од Законот за јавни претпријатија и
- не е склучен Договор за соработка на Општина Росоман со ЈКП „Росоман“, со цел реализирање на обврските предвидени во член 22 став 4 од Законот за локална самоуправа во комуналната сфера, која состојба е констатирана

и во Конечниот извештај на Сметката на основен буџет (637) на овластениот државен ревизор за 2009 година на Општина Росоман.

Субвенционирањето на јавното комунално претпријатие во услови на не донесена програма/одлука од Совет, не доставени извештаи за неговото работење, исплатата на средства без потврда од надзор за извршената работа и нерегулирани деловни односи помеѓу општината и јавното претпријатие придонесуваат за постоење на можност од несоодветно трошење на буџетските средства.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за:

- утврдување на јасни критериуми за субвенционирање на активностите на јавните претпријатија и донесување на акт од Советот;
- изработка на годишна програма за одржување на јавна чистота и истата да биде усвоена од страна на Советот на општината;
- иницирање на активности ЈКП „Росоман“ до општината да доставува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење и
- склучување на договор со јавното претпријатие со цел дефинирање на меѓусебните права и обврски и за секој објект кој се гради да има ангажирано надзор.

3.2.2. Во текот на 2022 година од позицијата Трансфери до невладини организации, исплатени се средства во вкупен износ од 913 илјади денари од кои Трансфери до здруженија на граѓани и фондации во вкупен износ од 448 илјади денари и Трансфери до спортски клубови во вкупен износ од 405 илјади денари.

Средствата се исплатени врз основа на донесен акт од градоначалникот, по претходно поднесено барање од здруженијата на граѓани и спортските клубови. За финансирање на овие активности во 2022 година општината нема донесено годишна програма усвоена од Советот и нема донесено акт со утврдени критериуми и постапка за доделување на средства што не е во согласност со одредбите од член 49 од Законот за здруженијата на граѓани и фондации и член 22-а од Законот за спортот.

Финансирањето на спортски клубови и здруженија на граѓани во услови на не донесена програма и отсуството на акт со утврдени критериуми и постапка за доделување средства создава можност за нетранспарентност и субјективност во одлучувањето, како и за незаконско и ненаменско трошење на буџетските средства.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за:

- изработка на годишна програма за спорт врз основа на доставени предлози на спортските клубови и истата да се усвои од Советот на општината и
- донесување на акт со кој поблиску ќе се уредат условите и начинот на распределба и користење на средствата од буџетот на општината со прецизни критериуми за оценка на проектите и доделувањето на финансиски средства да се врши согласно Методологија за распределба на средствата.

3.2.3. Изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта, согласно член 14 став 4 од Законот за јавни патишта ја вршат општините. Обемот и видот на работите кои ќе се реализираат и изворот и висината на средствата потребни за реализација на планираните активности, се утврдени во годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици.

Советот на Општина Росоман, согласно член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа и член 9 став 1 точка 12 од Статутот на општината има донесено Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Росоман за 2022 година[4], во висина од 57.292 илјади денари со планирани извори на приходи од Агенција за државни патишта наменети за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици), Биро за регионален развој, Министерство за транспорт и врски, Министерство за финансии, приходи остварени од надоместокот за уредување на градежно земјиште, комунални такси, остварен приход од продажба на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, како и средства од фондовите на ЕУ и други грантови. При извршениот увид во реализација на активностите од истата, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- воспоставена е пракса донесувањето на Годишната програма да е врз основа на донесени програми во претходни години, во идентичен износ, без да се изврши претходна анализа на планираните активности за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта со буџетот на општината. Со донесената програма за 2022 година, планирани се средства во износ од 57.292 илјади денари, идентично како и во 2021 година, и покрај тоа што ревизијата утврди дека донесената програма за 2022 година изнесува 74.955 илјади денари;
- согласно програмата, финансиските средства за оваа намена во висина од 23.500 илјади денари се обезбедени од буџетот на општината, додека со доделување на Грант од Светска банка се предвидени 51.455 илјади денари за реконструкција на патишта и истите се прикажани со видот на работите по локации и нивната поединечна вредност;

[4] Број 08-50/3 од 31.01.2022 година

- од предвидените 10 (десет) локации за изградба и реконструкција на локалните улици и патишта извршена е реконструкција со средства од буџетот на општината на (3) три улици и патишта, односно се реализирани вкупно 24.450 илјади денари или 32,67% од предвидените активности во програмата;
- за изградба на општинските патишта кои согласно член 57 став 2 од Законот за градење спаѓаат во втора категорија на градби, не е обезбедено одобрение за градење пред започнување на работите, што не е во согласност со член 56 од Законот за градење и
- за степенот на реализација на Програмата не е изготвен Извештај за реализираните програмски активности и не е доставен до Советот на општината што не е во согласност со член 9 од Статутот на општината.

Наведените состојби оневозможуваат нивно правилно евидентирање во деловните книги на општината и во јавната книга на недвижности. Неизготвувањето на извештај за реализираните програмски активности има влијание на транспарентноста во работењето на општината.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да преземе активности за:

- планирање и донесување на Програма согласно реално обезбедените финансиски средства и динамиката на изведување на работите;
- обезбедување на потребната документација потребна за започнување со градење и
- редовна изработка на извештај кој ќе ги содржи сите реализирани програмски активности кој ќе се усвојува од Советот на општината.

3.2.4. Согласно член 94 од Законот за градежно земјиште, уредувањето на градежното земјиште претставува изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела. Уредувањето на градежното земјиште согласно член 95 од Законот, го вршат општините, врз основа на Програма за уредување на градежно земјиште што ја донесува советот. Советот на општината има донесено Програма за уредување на градежно земјиште за 2022 година во вкупен износ од 44.000 илјади денари, а во тековната година извршени се градежни работи за кои се исплатени средства во вкупен износ од 9.454 илјади денари или 21,48% од предвидените активности во Програмата.

Од извршениот увид во документацијата на изведувањето на активности предвидени во Програмата утврдивме:

- не е обезбедено одобрение за градење/реконструкција пред започнување на работите, што не е во согласност со член 56 од Законот за градење кој предвидува дека градбата на овие објекти може да започне со издавање на одобрение за градење и
- не се изготвува извештај за извршен технички преглед од страна на надзорниот инженер како и записник за примопредавање на изведената градба, што не е во согласност со член 87 и 95 од Законот за градење каде е уредено дека градбата од втора категорија ќе се стави во употреба по изготвување на извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер и изведувачот и инвеститорот вршат примопредавање на градежниот објект и за тоа составуваат записник за примопредавање на изведена градба како градежен објект.

Отсуството на потребната документација потребна за започнување со градење како и потребните документи поврзани со примопредавањето на изведените градби предизвикува изведените градежни работи да имаат статус на бесправна градба и оневозможува нивно правилно евидентирање во деловните книги на општината и во јавната книга на недвижности.

Препорака:
Одговорните лица на општината да преземат мерки и активности за обезбедување на комплетна документација пред започнување и по завршување на градежните работи.

Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на општината за 2022 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени 8 постапки за јавни набавки спроведени во 2022 година и 4 постапки за јавни набавки спроведени во 2021 година чија реализација е во 2022 година или вкупно 12 постапки за јавни набавки. Вредноста на договорите во ревидираните постапки изнесува 30.738 илјади денари со вклучен ДДВ што опфаќа над 80,01% од вкупната вредност на доделените договори во износ од 38.401 илјади денари кои имаат реализација во 2022 година.

Врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки,

услуги и работи, со кој го определува почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

Од извршената анализа, ревизијата констатира дека Годишниот план за јавни набавки за 2022 година, во текот на годината бил менуван и дополнуван 17 (седумнаесет) пати, односно со првичниот план предвидени биле 21 постапка, а со последната измена и дополнување предвидени се 37 постапки, а спроведени се 59,46% од предвидените постапки.

3.2.5. Со извршениот увид во постапките за јавни набавки, склучените договори за јавна набавки и реализацијата на истите утврдивме дека согласно склучените Договори за јавна набавка на работи за партерно уредување на просторот околу општинската зграда во Росоман и склучениот Договор за јавна набавка за уредување на плоштадот во Општина Росоман, изведувачот бил должен сите градежни работи да ги заврши во рок од 45 дена од денот на воведување во работа. Со извршениот увид во реализацијата на склучените Договори, утврдивме задоцнување од 112 дена, додека кај уредување на плоштадот во Општина Росоман утврдивме задоцнување од 101 ден. Наведената состојба не е во согласност со точка 8 од склучените Договори за јавна набавка на работи во која е предвидена договорна казна за задоцнување во висина од 1% од вкупната договорена цена на работите за секој ден задоцнување ако работите не се завршат во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на работите.

Ненавремената реализација на постапките за јавни набавки не е во согласност член 102 од Законот за јавни набавки како и со одредбите од склучените договори. Не активирањето на договорените казни создава ризик од ненавремено извршување на договорот без сериозни правни и финансиски последици за економскиот оператор, а пролонгирањето на роковите предвидени во тендерската документација влијае на конкуренцијата во постапката за јавна набавка.

Препорака:

Градоначалникот на општината и општинската администрација одговорна за наведената област, да преземат мерки и активности за почитување на одредбите во склучените договори за ненавремената реализација на постапките за јавни набавки.

3.2.6. Во текот на 2022 година, без постапка за јавни набавки исплатени се вкупно 5.254 илјади денари од кои за електрична енергија 4.643 илјади денари и за набавка на гориво 611 илјади денари. Ваквиот начин на постапување не е во

согласност со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки и не обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на јавни набавки, рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

Истакнуваме дека во 2023 година е спроведена постапка за набавка на нафта и нафтени деривати.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности, при донесување на Годишниот план за јавни набавки да се планираат вкупните потреби за набавки на стоки, услуги и работи согласно реалните потреби и расположливите средства за набавки за тековната година, заради навремено планирање и спроведување на соодветни постапки за јавни набавки.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

Со Одлука[5]од Владата на Република Македонија во јули 2018 година е доделен недвижен имот - детска градинка на Општина Росоман, за потребите на Јавната општинска установа, на времено користење од 5 години, без надомест. Со склучен Договор за донација[6] помеѓу фондација Отворено општество – Македонија и Општина Росоман, фондацијата има обезбедено финансиска поддршка во висина од 16.814 УСД за проширување на капацитетите за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст од Општина Росоман врз основа на кој е спроведена постапка за јавна набавка на работи за адаптација и реконструкција на постоен деловен објект во простории за детски јасли и истата е реализирана во 2019 година. Поради тоа што временото користење на детската градинка од 5 години е изминато, а од страна на Владата не е добиено известување/одлука за понатамошниот статус на користење на недвижниот објект, потребно е да се преземат мерки и активности за утврдување на правото на користење на доделениот недвижен имот - детска градинка на Општина Росоман.

Во текот на ревизијата од страна на одговорното лице до Владата на Република Северна Македонија е доставена информација за донесување на одлука за пренесување на сопственост на недвижна ствар со цел надминување на наведената состојба.

---

[5] Одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на општинаРосоман број 44-5499/1 од 10.07.2018 година

[6] Договор за донација број 09-541/2 од 23.01.2019 година

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 12.09.2023 до 17.11.2023 година кај Општина Росоман од тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Росоман, сметка на основен буџет (637), за 2009 година, во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на општината изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања на делокругот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на градоначалникот на Општина Росоман, застапувано од:

- Стојан Николов, градоначалник на Општина Росоман од 08.11.2021 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на општината, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката

на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјкетот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 9. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на општината извршени се сметководствени корекции на сметките Материјални средства и Извори на капитални средства поради не евидентирана опрема сопственост на општината. Вкупниот ефект од извршените корекции се зголемување на активата и пасивата за 1.750 илјади денари.
Корекцијата е спроведена во налог бр.01 од 01.01.2023 година.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој конечен извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Општина Росоман, одржан на ден 20.12.2023 година, за истите дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на градоначалникот на Општина Росоман не се доставени забелешки на Нацрт извештајот број 14-184/2 од 02.02.2024 година.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 51.912 | 35.625 |
| **Вкупно приходи** | | **51.912** | **35.625** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 6.641 | 6.635 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 11.465 | 6.249 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 1 | 1 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 2.070 | 2.137 |
| Социјални бенефиции | 3.2.6. | 163 | 81 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **20.340** | **15.103** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 30.722 | 19.772 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **30.722** | **19.772** |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **850** | **750** |
| **Вкупно расходи** | | **51.912** | **35.625** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 14 | 10 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 2.157 | 3.127 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.171** | **3.137** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 238.723 | 196.650 |
| **Вкупно постојани средства** | | **238.723** | **196.650** |
| **Вкупна актива** | | **240.894** | **199.787** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 317 | 459 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 671 | 577 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 11 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 335 | 418 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 14 | 10 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.348** | **1.464** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4. | **823** | **1.673** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5. | 238.723 | 196.650 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **238.723** | **196.650** |
| **Вкупна пасива** | | **240.894** | **199.787** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| Состојба 01.01.2022 година | 196.650 | 196.650 |
| Зголемување по основ на: | 67.623 | 67.623 |
| Набавки | 16.920 | 16.920 |
| Корекција - зголемување на ОС | 1.750 | 1.750 |
| Ревалоризација на капитални средства | 48.953 | 48.953 |
| Намалување по основ на: | 25.550 | 25.550 |
| Отпис на капитални средства | 4.634 | 4.634 |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 11.758 | 11.758 |
| Амортизација | 9.158 | 9.158 |
| Состојба 31.12.2022 година | 238.723 | 238.723 |